Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ
Примено: 30-12-2014
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
10 | 6713 | 1 |

# ИЗВЕШТАЈ

## од редовниот административен надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 декември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 декември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четиричасовната програма емитувана на 10 декември 2014 година, Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на податоците за продукцијата на дневно - информативните емисии (вестите), се идентификуваат водителите на програмските целини, но на одјавната шпица воопшто не се објавуваат никакви податоци ниту за уредниците, ниту за техничкото водство или камерманите, ниту за продукцијата и датумот.
  Во однос на поединечните новинарски прилози како составен дел од вестите / ТВ дневниците – најчесто се идентификуваат новинарите-автори, снимателите и монтажерите на одредени прилози, но недоследноста е во тоа што овие податоци не се дадени константно и стандардизирано за сите поединечни прилози или програмски целини; на пример: немаат сите прилози во вестите идентификуван снимател и монтажер, иако очигледно станува збор за сопствена снимка и монтажа;

- Кај некои емисии (на пример, „Ин клуб") на одјавната шпица нема никакви податоци, а на некои (на пример, во кулинарската емисија " Гответе со Антонио Јанковски") објавени се само податоци за продукцијата и годината на производство.

- Кај сериите, титлувани или нахсинхронизирани, нема ниту најавна ниту одјавна шпица.

***<u>Предлог мерка:</u>***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како и со тоа кои сè други информации за поединечните содржини (емисии или новинарски прилози) треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*30.12.2014 година*